**М-р Александар Тумановски**[1]

# ЕЛЕКТРОНСКИ АЛКИ – РЕШЕНИЕ ЗА ЗГОЛЕМЕНА ПРИМЕНА НА КУЌНИОТ ПРИТВОР?

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.346.5:656.13(497.7)**

**Апстракт**

*Современите проблеми бараат современи решенија. Се стремиме кон прогрес, ги потпишуваме меѓународните документи и конвенции, ратификацијата предизвикува дилеми, а спроведувањето во практика изгледа речиси невозможно. Авторовата конкретна тема на обработка во трудот е куќниот притвор како мерка на обезбедување присуство на обвинетиот и куќниот затвор како алтернативна мерка, нивното уредување во нашето законодавство, примената и можните решенија за нивно конечно имплементирање во практиката преку разгледување успешни примери во други национални законодавства. Во трудот се прикажани податоци и извештаи за примената на куќниот притвор vis-à-vis примената на притворот и кога станува збор за алтернативните мерки (вонинституционални мерки) – примената на куќниот затвор vis-à-vis примената на затворот. Компаративна анализа беше направена со цел изнаоѓање и предлагање солуција, која не значи решавање на проблемот per se, со оглед на тоа што нема да биде доволно реформата да остане на едноставно донесување и измена на законските прописи.*

**Клучни зборови:** куќен притвор, куќен затвор, притвор, електронски надзор, електронски алки, пробациска служба

## Вовед

Меѓународната заедница, чиј чекор настојуваме да го следиме, евидентно се залага за колку што е можно помала застапеност на ретрибутивниот елемент за сметка на примената на вонинституционалните мерки што обезбедуваат рамнотежа помеѓу правата на сторителот, правата на жртвата и интересите на општеството[2]. Замената на притворот како најтешка мерка за обезбедување на осомничениот во текот на постапката со куќниот притвор и затворот со куќен затвор е во духот на современата криминална политика, но поради повеќебројни фактори во нашето поднебје, тие не заживеаја. Доказ за тоа се електронските алки набавени во 2016 година, кои до ден-денес останаа неупотребени.

---

[1] Адвокат, докторанд на Катедрата за казнено право, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
[2] Камбовски Владо, Алтернативи на казната затвор, Годишник на ИСППИ, Скопје, 1984 г.

Функционирањето на електронскиот мониторинг и пробациските служби, кои ја вршат контролата во сите земји каде што се воспоставени, покажуваат исклучително добри резултати во избегнувањето криминална инфекција за притворените лица, намалувањето на трошоците одделени за таа намена, воспоставувањето систем за процена на ризик на обвинетите лица уште во текот на судската постапка, намалувањето на затворската популација, растоварувањето на затворите, подобрувањето на ресоцијализацијата, намалувањето на рецидивизмот. На крајот, конечно би имале практична имплементација на алтернативните мерки на казнување и ефикасен надзор на лицата што се условно отпуштени или на кои им е изречена условна осуда со заштитен надзор и успешно извршување на куќниот затвор и мерката куќен притвор преку електронско следење на лицата на кои им се изречени.

Самото детектирање на постојниот нефункционален систем за примена на споменатите мерки не ја нивелира постојната ситуација, додека, пак, нејзиното решавање би имало влијание и врз сите набројани сегменти.

## 1. Куќниот притвор во законодавството на Република Северна Македонија

Во македонското законодавство, куќниот притвор е предвиден во членот 144 од Законот за кривичната постапка[3], и тоа, како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот заедно со сетот други мерки за обезбедување. Согласно споменатиот член, мерки што може да се преземат спрема обвинетиот за обезбедување на неговото присуство и за непречено водење на кривичната постапка се покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор. Со оглед на опциите, ставот 2 од членот 144 поставува обврска при одлучувањето за тоа која од мерките ќе се примени, надлежниот орган да мора да води сметка да не се применува потешка мерка ако таа цел може да се постигне со поблага. Оставен е и простор за комбинација на повеќе мерки, како и простор за корекција, односно ставот 4 дозволува определување друга мерка за обезбедување присуство во случај обвинетиот да не се придржува кон веќе определената.

Конкретно во членот 163 од Законот за кривична постапка[4], куќниот притвор како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот може да се донесе ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело и има услови за определување притвор, при што судот може да определи мерка куќен притвор и да му нареди на тоа лице да не го напушта домот за определено време. Во решението со кое се определува куќен притвор, покрај забраната за оддалечување од домот или од друг простор, судот може да определи забрана за комуникација со лица или забрана за употреба на средствата за комуникација, односно обврска за почитување на мерките на видео и електронски надзор или да нареди примена на други мерки наведени погоре. Ако лицето против кое е определен

[3] Член 144 од Кривичниот законик на РСМ.
[4] Член 163 од Кривичниот законик на РСМ.

куќниот притвор се оддалечи од домот или од друг простор спротивно на забраната на судот или ако во определено време не се врати во домот или во другиот определен простор или, пак, не се придржува на забраната за комуникација со лицата или забраната за употреба на средствата за комуникација или го избегнува или го попречува спроведувањето на мерките на видео и електронски надзор, против тоа лице ќе се одреди притвор. Лицето за тоа поведение ќе се опомени и ќе се казни од решението за куќен притвор со заменето решение со притвор како најтешка мерка на обезбедување[5].

### 1.1. Примена на куќниот притвор во Република Северна Македонија

Опсервирајќи ја практиката, се изведува заклучок дека постоењето на можноста присуството на обвинетиот во кривичната постапка да се обезбеди преку мерката куќен притвор е само декларативна. Тоа го покажуваат Извештаите за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија, конкретно за 2021, 2020, 2019 и 2018 година. Имено, во 2021 година[6], од сите јавни обвинителства во републиката, само Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција постапувало против 4 лица на кои им бил определен куќен притвор. За споредба, истото обвинителство постапувало против 113 лица на кои им бил определен притвор, додека, пак, мерката притвор во 2021 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција е применета против 528 лице. Ситуацијата е слична и во 2020 година[7], каде што притворот бил изречен против 101 лице против кое постапувало Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, куќен притвор им бил изречен на 4 лица, а мерката притвор во 2020 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција е применета против 448 лица. Во 2019 година[8], нивниот број е: 108 за лица на кои им е определен притвор, 6 за лица на кои им е определен куќен притвор, а мерката притвор во 2019 година од основните јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција е применета против 528 лице. Во 2018 година[9], бројот на определени куќни притвори изнесува 4 (постапувало Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција), наспроти 457 мерки притвор, вкупно од сите основни јавни обвинителства во подрачјата на четирите виши јавни обвинителства. Се забележува дека јавните обвинители тенденциозно го избегнуваат куќниот притвор, а предложувањето на притворот како мерка на безбедност е нивната

[5] Член 163 од Кривичниот законик на РСМ.
[6] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2022/08/izveshta%D1%98-finalen-2021-1.pdf
[7] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/izveshta%D1%98-za-2020-%D1%98o-na-rsm.pdf
[8] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/09/izveshtaj-na-javnite-obvinitelstva-na-rsm-za-2019-godina.pdf
[9] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/godishen-izveshtaj-za-raboteneto-na-javnoto-obvinitelstvo-na-republika-severna-makedonija-za-2018-godina.pdf

„сигурна зона“ во која се движат. Прашање е дали во сите овие случаи е испочитувана законската обврска од членот 144 став 2 – да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка.

| Мерка | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|
| Притвор | 457 | 528 | 448 | 528 |
| Куќен притвор | 4 | 6 | 4 | 4 |

Табела 1. Број на определена мерка притвор и мерка куќен притвор во периодот од 2018 година до 2021 година

### 1.2. Алтернативната мерка куќен затвор и нејзината примена

Реформата на Кривичниот законик од 2004 година, *inter alia*, стави акцент на инаугурацијата на системот на алтернативни мерки, составен од: условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, условен прекин на кривичната постапка, општокорисна работа, судско предупредување и куќен затвор. Намерата за нивното воведување беше реформа на санкциите во духот на современите казнени системи – намалена примена на казните, а со тоа избегнување на ретрибутивниот елемент за сметка на алтернативните мерки, кај кои е подоминантна ресторативната правда. Од алтернативните мерки, посебен акцент ќе биде ставен на куќниот затвор. Соодветна слика за тоа колку се применува изрекувањето алтернативна мерка куќен затвор може да се добие од статистиките на Државниот завод за статистика за „Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот“. Статистиката за 2021 година покажува дека од вкупно 3.323 изречени алтернативни мерки, не е изречен ниту еден куќен затвор[10]. Слично и во 2020 година, од вкупно 2.927 изречени алтернативни мерки, ниту една од нив не била мерка куќен затвор[11]. Во 2019 година, само на едно лице му е изречена алтернативна мерка куќен затвор[12], а во минатите 2018 и 2017 година, повторно, не е изречена ниту една мерка куќен затвор[13].

| Алтернативни мерки | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Куќен затвор | - | - | 1 | - | - |
| Вкупно изречени алтернативни мерки | 3.534 | 3.454 | 2.526 | 2.927 | 3.323 |

[10] https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.18_mk.pdf
[11] https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/2.1.21.16_mk.pdf
[12] https://www.stat.gov.mk/pdf/2020/2.1.20.17_mk.pdf
[13] https://www.stat.gov.mk/pdf/2019/2.1.19.17_mk.pdf
https://www.stat.gov.mk/pdf/2018/2.1.18.17.pdf

Табела 2. Број на вкупно изречени алтернативни мерки и изречена алтернативна мерка куќен затвор

### 1.3. Причини за неприменливоста на куќниот притвор и куќниот затвор

Сумирано, кај јавните обвинители и кај судиите се забележува одбивање и недоверба кон решенијата што ги нуди законот, било да станува збор за мерки за обезбедување присуство или за алтернативни мерки, и постојано се прибегнува кон мерката кај која најинтензивни се ретрибуцијата и депривациите. За целите и успешна подготовка на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија (2013 – 2016)[14] е спроведено истражување за ставовите на судиите и јавните обвинители во однос на оцената на ефективноста на предвидената кривична санкција. Се добија резултати според кои секој втор судија и јавен обвинител смета дека најефективна кривична санкција за спречување на криминалот е затворот или во проценти – 46,8 % од судиите и 57,3 % од јавните обвинители. 87 % сметаат дека се потребни и алтернативните мерки, но тие да се употребуваат рестриктивно за „сторителите на помали кривични дела направени првпат“.

Причините за ова ги наоѓаме во несоодветното, нецелосното и законодавството неспроведено докрај, како и недовербата што владее меѓу институциите.

Ставот на испитаниците е инкомпатибилен со реалната состојба, особено имајќи предвид колкава е можноста осуденото лице да се рехабилитира во затворите во РСМ и, дотолку повеќе, условите во нив. Конкретно, поради недоволно вработен стручен кадар, процесот на ресоцијализација е оставен на еден психолог што работи со група од околу 100 затвореници. Натаму, криминалната инфекција е *conditio sine qua non* за притворот и затворот, така што оттаму притвореникот или осуденикот може дополнително да стекне знаење и конекции за извршување кривични дела по излегувањето на слобода, а маркантен проблем претставува и постојаната пренатрупаност во затворите. Според анализата на МИА за состојбата во затворите од 2020 година, пренатрупаноста е евидентирана во три затвори во државата, и тоа, во Затвор Штип, чии капацитети биле искористени со 161 %, во Затвор Тетово со искористен капацитет од 145 % и во Затвор Прилеп со пополнетост од 102 % од неговиот капацитет[15]. Во 2017 година, според официјалните статистики, во КПУ Идризово, кој имал капацитет од 800 затвореници, казна издржувале 1.850 осудени лица. Во тоа време, РСМ била трета земја по пренатрупаност на затворите, според податоците на Советот на Европа.

---

[14] http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/01087/mk/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B1%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B0.pdf

[15] https://mia.mk/seko-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-a-chini-9-500-evra/

Според изнесеното, евидентна е потребата од измена и дополнување на законските одредби, но и на сфаќањата и практиката на вклучените субјекти.

## 2. Електронските алки како потенцијално решение

Можно решение на постојните проблеми се електронските алки, за чија употреба започнавме да се подготвуваме, но поради попатни пропусти, останаа неупотребени. Недалеку од нас, Република Србија има усвоено законодавство што успешно ја покрива оваа материја и има изнајдено начин на функционирање на куќниот притвор и куќниот затвор.

### 2.1. Компаративна анализа на српското законодавство

Во српскиот Закон за кривична постапка, во членот 190 е предвидена можноста судот да може да изрече мерка за обвинетиот за обезбедување негово присуство и забрана за напуштање на станот со примена на електронски надзор со цел вршење контрола врз тоа дали осомничениот ги почитува поставените ограничувања.

Забраната за напуштање на станот се состои во забрана на обвинетиот да го напушти станот во кој престојува без дозвола. Покрај тоа што законодавецот изречно наведува дека забраната се однесува на станот, разбирливо е дека тоа важи и за куќата, доколку во неа живее обвинетиот. Кога станува збор за куќата, во практиката не е спорно дека во просторот на куќата е вклучена и градината, односно дворот што е околу куќата.

Дозвола за напуштање на станот може да даде само судот. Во судот, тоа одобрение може да го даде судијата за претходна постапка, претседателот на советот, а на расправата, советот. Одобрувањето секогаш се дава во форма на налог. Може да се издава поради извршување итни работи, одење на лекар и сл. Во практиката, оваа одредба се толкува толку ригорозно што оди дотаму што на обвинетиот му треба посебно одобрение од судот кога треба да одговори на покана.

Кога ќе ја определи оваа мерка, судот дополнително може да определи и услов обвинетиот да не смее да прима други лица во станот. Забраната обвинетиот да прима други лица во станот може да се однесува на лица таксативно набројани и наведени по име, и како општа забрана, која му забранува на обвинетиот да прима какви било лица.

Спецификите што ги супсумира куќниот притвор *vis-à-vis* притворот се еманација на поголемата слобода, кои би можел да ги има обвинетиот додека трае постапката против него. Поради тоа што обвинетиот не е затворен во притворско одделение, туку е во својот дом, има потреба од поставување одредени рестрикции со цел ефикасно и ефективно завршување на кривичната постапка.

Теоретски, може да се набљудуваат концепти според кои станот се претвора во еден вид притвор и, соодветно, тој не смее да биде место за забави, собири, прослави, родендени или крштевки. Овој став може само делумно да се цени. Имено, овој став би можел да се

прифати доколку ваквите собири се поврзани со опасноста за која е одредена мерката. На пример, ако судот процени дека обвинетиот го сторил кривично дело во состојба на *actiones liberae in causa* и му се изрече забрана за напуштање на станот поради опасност од повторување на делото, разбирливо е дека, во тој случај, на обвинетиот може да му се забрани организирање разни собири во станот, прослави и слични настани каде што се консумира алкохол. Меѓутоа, доколку обвинетиот бил приведен поради ризик од бегство и доколку таквите собири не можеле да влијаат врз создавањето ситуација во која би можел да избега, нема причина да се забрани. Како што веќе беше наведено, обвинетиот може да го напушти станот само со дозвола на судот, но има исклучоци од ова правило. Тоа се случаи кога е неопходно да се напушти станот поради итна медицинска интервенција во однос на обвинетиот или лицето со кое живее во станот, односно да се избегне или да се спречи сериозна опасност по животот или здравјето на луѓето, т. е. имотот од поголеми размери. Во такви ситуации, обвинетиот може привремено да го напушти станот, и покрај забраната. Итната медицинска интервенција треба да се сфати како акутни состојби, кои бараат брза реакција и кои не му дозволуваат на обвинетиот да има време да побара дозвола од судот. Не станува збор за редовни ситуации кога обвинетиот може да оди на лекар со дозвола од судот, туку за вонредни итни ситуации. Природните непогоди, како што се земјотреси, пожари, поплави, но и други несреќни ситуации, кои бараат обвинетиот веднаш да го напушти станот, треба да се вбројуваат во сериозни закани по животот или здравјето на луѓето, односно имотот од големи размери. Оправданоста за напуштање на станот ја оценува самиот обвинет во моментот кога треба да реагира, а тоа го бараат посебни околности поради кои може да настапат штетни последици по животот, здравјето и имотот на лицето или негови блиски, а тоа е само во случаи на *vis major* (во случај на земјотрес или доколку се случи пожар во објектот каде што се издржува куќниот притвор), но последователно судот ја оценува и при одлучувањето за продолжување на мерката или нејзино евентуално заменување со мерка притвор.

Логична последица од непочитување на мерката е повторно определување притвор, кој ќе се определи не само доколку обвинетиот го напушти станот и замине во непознат правец, туку и кога не ја почитува изречената мерка со неоправдано задржување за време на доаѓањето и заминувањето од закажаното судење.

### 2.2. Контрола врз почитувањето на изречената мерка

Кога судот ќе нареди на обвинетиот да му се забрани да го напушти станот, тоа го контролира Службата за пробација преку „повереник“. Одредбите од Законот за извршување вонсудски санкции и мерки пропишуваат дека повереничката служба е организациска единица во рамките на Управата за извршување кривични санкции, додека, пак, во рамките на управната служба се формираат повереники канцеларии за територијална надлежност на еден виш суд или повеќе на повеќе виши судови. Во рамките

на повереничките канцеларии, контролни работи врши повереникот, кој има статус на службено лице и сите права и должности што произлегуваат од тој статус.

Покрај изречената мерка забрана за напуштање на станот, судот може да определи посебен облик на негова контрола што се состои од електронско следење на обвинетиот. Целта на електронскиот надзор е да го контролира почитувањето на ограничувањата што му се наметнати на обвинетиот, така што контролата на почитувањето на изречената мерка може да се утврди со или без електронски надзор.

Судот е должен во решението да наведе дали мерката забрана за напуштање на станот се спроведува без примена или со примена на електронски надзор, со тоа што одлуката за примена на електронскиот надзор мора да се наведе не само во изреката на решението со кое се определува мерката, туку и во решението/решенијата со кои таа се продолжува.

Електронското следење на обвинетиот се врши со помош на уред за лоцирање, кој му се става на зглобот на раката или на ногата или се прикачува на друг начин. Стручното лице што го вградува предавателот е должно на осомничениот да му даде детални упатства за работата на уредот, кој е безопасен по здравјето. Покрај тоа што е должен да го запознае осомничениот со начинот на работата на електронскиот уред, повереникот или експертот што го поставува уредот за лоцирање е должен да ги информира и членовите на домаќинството на осомничениот за судската одлука, неговите права и обврски, последиците во случај кога доброволно ја напушта просторијата каде што се врши мерењето и се извршува и начинот на комуникација со повереникот.

Покрај електронскиот уред, составен дел од системот за електронски надзор вклучува и приемник, односно уред што од далечина ги следи движењето на обвинетиот и неговата положба во просторот. Следењето на електронските сигнали помеѓу предавателот и приемникот му е доверено на експерт, односно на повереничката служба што управува со тој уред. Идентично како и поставувањето, предавателот и приемникот ги отстранува стручно лице на денот на одлуката на судот за откажување на електронскиот надзор.

Во однос на постапката за контрола, треба да се нагласи дека одлуката за забраната за напуштање на станот судот ја доставува повереничката служба веднаш по нејзиното донесување, со тоа што опремата за електронско следење се активира веднаш по доставувањето на решението до истата служба доколку е донесено решение за извршување на мерката куќен притвор со примена на ваквото следење. При контрола на спроведувањето на мерката, повереникот соработува со полицијата или со друг надлежен државен орган. Повереникот е должен без одлагање да ги извести судот, полицијата и повереничката служба за прекршување на ограничувањата што судот му ги наметнал на осомничениот, доколку воопшто се случи. Дополнително, повереникот е должен да го извести судот и за други околности од значење за примената на електронскиот надзор.

## 3. Франција и куќниот притвор

Во Франција, куќниот притвор со електронски надзор (l'assignation à résidence avec surveillance électronique) е посебна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот. Овој процесен институт бил воведен во францускoто право во 2000 година и оттогаш претрпел неколку измени. Тоа е пропишано со членот 142 од ЗКП на Франција. На почетокот, куќниот притвор со електронски надзор се сметал за форма на судска контрола, а денес правната теорија го смета за независна мерка.

За да се одреди куќен притвор со електронски апарат, потребно е да постои барање или согласност од лицето што е предмет на распит, како и постапката против него да се води за кривично дело за кое пропишаната казна е построга од две години затвор. Формален услов е постоењето решение од истражен судија или судија за слобода и притвор. Судијата својата одлука ја донесува во форма на образложена одлука, откако ќе провери дали има технички можности за определување на оваа мерка.

Мерката се состои во тоа што лицето против кое е определена мора да престојува во станот што се наоѓа на адресата што ја определил судијата и може да го напушти само под услови определени од судијата. Мерката е определена за шест месеци и таа може да се продолжи, но не може да трае подолго од две години[16].

Кодексот посветува посебно внимание на примената на оваа мерка за малолетниците. За да им се изрече куќен притвор со електронско следење на малолетниците, треба да се исполнат одредени услови. Имено, малолетниците на возраст од 13 до 16 години не може да бидат ставени во куќен притвор, освен кога претходно биле ставени под судска контрола, а малолетниците над 16-годишна возраст може да бидат ставени во домашен притвор под исти услови како и возрасните. Доколку се одреди куќен притвор на адресата на законските застапници на малолетникот, претходно мора да се добие нивна писмена согласност[17].

## 4. Примената на куќниот притвор во Русија

Русија го воведе куќниот притвор во 2010 година, кога рускиот претседател Дмитриј Медведев го потпиша Указот за измена на кривичниот законик, со кој се воведува куќен притвор. Федералната служба за извршување на казните по тој повод изјавила дека таа мерка може да се изрече за околу 113 илјади луѓе годишно. Казната куќен притвор во траење од два до четири месеци ќе се изрече за лесни и средни кривични дела, стои во образложението на законот. За тешки и многу тешки дела, како што се напад на живот, јавна безбедност, уставен поредок и државна безбедност, се предвидува куќен притвор од шест месеци до две години. Ограничувањето на слободата значи дека осудените лица не смее да излегуваат од дома во одредено време од денот, да не посетуваат одредени места и да не го напуштаат местото на живеење. Дополнително, на осудените нема да им биде дозволено да посетуваат места за масовни собири и да учествуваат во нив. Без согласност на полицијата,

[16] Jean Pradel, *Procédure pénale*, Éditions Cujas, Paris 2015, стр. 709.
[17] Idem, стр. 710.

осудените нема да може да го менуваат местото на живеење, работното место или образовната институција, а во полиција мора да се јавуваат најмалку еднаш месечно. Законот дозволува користење електронски алки со кои се контролира движењето на осомничените (обвинетите). При самото воведување на оваа мерка беше забележано дека „домашниот притвор“ ќе биде особено корисен за адолесцентите.

Суштината на оваа превентивна мерка е директно да се ограничи на право на слобода и неповредливост на личноста на обвинетиот (осомничен), под заштита на чл. 21, 22, 27 од Уставот на Руска Федерација. За разлика од притворот, куќниот притвор не ја изолира индивидуата од вообичаените услови на секојдневниот живот. Куќниот притвор може да се избере како превентивна мерка доколку не е можно да се користи колатералот или друга помека мерка. Кога се одлучува за домашен притвор, судот ги зема предвид тежината на обвинението, фактите на случајот и податоците за идентитетот на обвинетиот (осомничениот).

Како што покажува практиката, куќниот притвор квантитативно не е определуван колку што се мислело. Според анализите на Врховниот суд на Русија во 2011 година, куќниот притвор им бил определен на 1.346 лица, во 2012 година на 2.714 лица, а во 2013 година на 3.086 лица[18]. Евидентно е дека бројот на обвинети (осомничени) во домашен притвор постепено се зголемува. Сепак, помеѓу бројот на определената мерка притвор и бројот на куќниот притвор сè уште има голема дискрепанца, и тоа, во корист на мерката притвор.

Многу истакнати руски научници, вработените во органите за спроведување на законот и претставници на правната фела истакнале дека со цел да се подобри ефективноста на употребата на куќниот притвор како превентивна мерка, пред сè, неопходна е да се развие подетална законска регулатива во однос на изборот и примената на оваа мерка.

Како најзначајно е истакнато дека е потребно законот јасно да ги разграничи основите и условите под кои се определува куќен притвор и притвор и дека потребно е тие да се разликуваат.

**Заклучок**

Факт е дека постојат и други земји што го ја немаат усовршено примената и нецелосно го искористуваат постоењето на институтот куќен притвор како мерка за обезбедување присуство на осомничено или обвинето лице. Без оглед на придобивките од него, како што се избегнувањето на криминалната инфекција во затворите, природната средина за осомниченото/обвинетото лице, далеку подобрите услови од оние во затворите, решавањето на проблемот со пренатрупаност на затворите и, секако, економското олеснување за државата, сепак притворот, со сите негови одлики и противречности, останува најупотребуваната мерка за обезбедување присуство на лицата во постапка. Успешната примена и функционирање на куќниот притвор во Србија преку користењето на

[18] https://commons.erau.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1496&context=jdfsl

електронските алки и електронскиот надзор, како и деталното регулирање на условите и дополнителните забрани би требало да послужи како пример за *de lege ferenda* уредување на оваа материја во нашето законодавство. Подготвеноста и волјата на јавните обвинители и на судиите за користење на куќниот притвор во нивната работа е сегментот што потешко ќе се промени по конкретната тема. Потребно е симултано работење и на свеста на главните субјекти, зашто и потенцијалното добро законодавство би останало мртво слово запишано на хартија.

**Aleksandar Tumanovski, M.Sc**[19]

## ELECTRONIC BRACELETS – A SOLUTION FOR THE INCREASED USE OF HOUSE ARREST?

**Abstract**

Modern problems require modern solutions. We strive for progress, we sign international documents and conventions, ratification causes dilemmas, and implementation in practice seems almost impossible. The author with the specific topic of processing in the paper is house arrest as a measure of ensuring the presence of the accused and house arrest as an alternative measure, their regulation in our legislation, the application and possible solutions for their final implementation in practice by considering successful examples in other national legislations. The paper presents data and reports on the application of house arrest vis-à-vis the application of detention and when it comes to alternative measures – the application of house arrest vis-à-vis the application of prison. A comparative analysis was made in order to find and propose a solution, which does not mean solving the problem per se, considering that it will not be enough for the reform to remain on simple enactment and modification of legal regulations.

**Keywords:** house arrest, detention, electronic surveillance, electronic handcuffs, probation service

[19] Lawyer, doctoral student at the Department of Criminal Law, Faculty of Law "Justinian Prvi" - Skopje